ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАКЕТИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

## 1. Дефиниции

- **Банка** - Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште: Ул. Васил Иљоски бр. 14, 1000 Скопје, матичен број: 4558669 (регистрирана во Централен Регистар на Република Северна Македонија), даночен број: 4030993261735, број на сметка: 250000000000111, свифт адреса: INSBMK22, веб-сајт: www.sparkasse.mk, е-пошта: contact@sparkasse.mk, телефон за контакт: 02/ 15 050,
  Надлежен орган за надзор на Банката е Народната Банка на Република Северна Македонија,
  Платни системи во кои учествува Банката– КИБС, МИПС, Visa и Mastercard.
- **Општи правила и услови** - Општите правила и услови за отворање и користење на пакети за физички лица
- **Пакет** - Збир на производи и услуги кои ги нуди Шпаркасе Банка АД Скопје пришто корисникот на пакет плаќа една пониска провизија за пакетот во однос на регуларната цена на поединечните производи кои се составен дел на пакетот.
- **Корисник на пакет** - Физичко лице резидент со отворена платежна сметка во Шпаркасе.
- **Корисник на платежни услуги** - Физичко или правно лице кое користи платежна услуга во својство на плаќач или примач или во двете својства.
- **Платежна сметка** - сметката којашто ја одржува давател на платежни услуги на име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции; на која се евидентираат сите уплати и

исплати и од која Банката ги наплатува провизиите кои настануваат со користењето пакетот.

- **Рамковен договор за платежна сметка и платежни услуги** - Договор со кој се регулираат меѓусебните права обврските и условите помеѓу Давателот на платежни услуги и Корисникот на платежни услуги во врска со извршувањето на поединечни и последователни платежни трансакции, како и правата, обврските и условите за отворање, одржување и затворање на платежна/и сметка/и; дебитна/и платежна/и картичка/и, електронско банкарство и/или мобилно банкарство и пакети.
- **Задолжителен производ во пакет** - Производ без кој не може да се отвори и користи пакет. Затворањето на било кој од задожителните производи значи и затворање на пакетот.
- **Барање за платежна сметка и користење на платежни услуги** – Барање за отворање, измена и затворање на платежна сметка и платежни услуги: дебитна платежна картичка, електронско банкарство и/или мобилно банкарство и пакет.

Сите гореспоменати термини може да бидат употребени во еднина, множина или членувана форма без притоа да го изгубат дефинираното значење.

## 2. Опис на документот

**2. 1. Општи одредби**

2.1.1. Правата и обврските на Корисникот на пакетот (во понатамошниот текст: Корисник) и Банката се регулираат со склучен Рамковен Договор, Општите правила и услови за користење на пакети за физички лица (во понатамошниот текст: Општи правила и услови); Општите правила и услови за издавање на дебитни картички за физички лица ; Општите правила и услови за електронско банкарство кои Прилози и  составен дел Рамковниот Договор за платежна сметка и платежни услуги; и склучен Договор за издавање и користење на кредитни картички за физички лица и Општите правила и услови за издавање и користење на кредитни картички за физички лица.

Корисникот гарантира за целосноста и точноста за наведените податоци и веродостојноста на приложените документи со Барањето.

2.1.2 Секое Барање за отворање, измена и затворање на пакет кое ќе се достави од страна на Корисникот во текот на целиот период на важење на Рамковниот договор за платежна сметка и платежни услуги се смета за составен дел на Рамковниот Договор. Овие Барања Банката ги регистрира по хронолошки редослед.

**2. 2. Отворање на пакет**

2.2.1. Пакет може да отвори физичко лице, резидент кое ги исполнува условите за користење на пакет и условите за секој поединечен производ или услуга содржани во пакетот.

2.2.1.1. Пакетот за млади е наменет за физички лица, резиденти со максимална возраст до 25 (дваесетипет) години. По навршувањето на 25 (дваесетипет) години, физичкото лице, корисник на пакет за млади го губи правото на користење на овој пакет пришто Банката ќе изврши конвертирање во С пакет, за кој се наплаќа провизија наведена во Тарифникот на надоместоци во Банката.

Доколку корисниот на пакет на млади не се согласува на конвертирање на пакетот во С-пакет по навршување на 25 (дваесетипет) години, должен е минимум 1 (еден) месец пред навршување на 25 (дваесетипет) годишна возраст да испрати барање за затворање на пакетот.

2.2.2 Корисникот на пакет пополнува Барање за платежна сметка и користење на платежни услуги (во понатамошниот текст Барање) во која Корисникот јасно дефинира кој тип на пакет и производи ќе ги користи. Видот и содржината на пакетот е дадена во Барањето каде се назначани производите од кои се состои пакетот и кои се задолжителни за користење на пакетот.

2.2.3. Корисникот на пакетот стекнува право за користење на поволностите од пакетот од моментот на доставување на Барање кое ќе биде прифатено од Банката и прифаќање на овие Општи правила и услови.

2.2.4 За време на користење на пакет, се исклучува можноста за користење на поволностите кои се нудат за поединечните производи од кои се состои пакетот.

2.2.5 Доколку, корисникот на пакет има избрано пакет којшто во себе вклучува и кредитна картичка, условите за користење на кредитната картичка се дефинирани со посебен договор склучен помеѓу Банката и корисникот.

2.2.6 Доколку, корисникот на пакет има избрано пакет којшто во себе вклучува смс известувања, условите за користење на смс известувањата се дефинирани со посебен договор склучен помеѓу Банката и корисникот.

**2. 3. Користење на пакет**

2.3.1. Се додека Корисникот ги користи производите од пакетот кои во Барањето се означени како задолжителни, надоместокот за користење го исклучува наплаќањето на провизиите за поединечните производи вклучени во пакетот: месечната провизија за одржување на сметка, провизија за месечно одржување на електронско банкарство, провизија за месечно одржување на мобилно банкарство, провизија за месечно одржување на СМС известувања, провизија за одржување на дебитна картичка, провизија за одржување на кредитна картичка. Попустот на провизијата на производите во пакетот може да се добие само доколку клиентот ги има отворено сите задолжителни производи за соодветниот пакет.

**2. 4. Надоместоци**

2.4.1. Надоместокот за користење на пакетот ќе се наплатува секој месец со задолжување и задржување на платежната сметка на Корисникот на пакет, согласно Одлуката за надоместоци (тарифи) за производите и услугите што ги врши Банката која е во важност во моментот на пресметката на надоместокот и за која корисникот е соодветно информиран согласно важечките прописи.

Банката го известува Корисникот за висината и промената на надоместоци (тарифи) за услугите што ги врши преку објавување на тарифата во експозитурите на Банката и на својата веб страна.

Сите измени и дополнувања на Одлуката за надоместоци (тарифи) за услугите што ги врши Банката имаат задолжителна сила за Банката и Корисникот, освен ако во некој друг акт поинаку не е определено.

Доколку Корисникот нема доволно средства на својата платежна сметка, согласен е Банката, без претходна најава, за наплата на своите побарувања по основ на надоместок

за користење на пакет да ги употреби постоечките средства на корисникот во Банката по сите основи или тековните и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката. За таа цел, Банката има право и овластување во име и за сметка на Корисникот да ги пополни, потпише, завери и изврши потребните платни инструменти и обрасци.

**2. 5. Откажување на користење на пакет**

2.5.1 Секоја од договорените страни може да се откаже од користењето на пакет со отказен рок 30 дена со доставување на писмено известување од Банката, односно со пополнување на Барање од страна на Корисникот на пакетот, а по претходното исполнување на сите обврски кои произлегуваат од склучениот Рамковен договор, другите погоре споменати договори и овие Општи правила и услови.

2.5.2 Користењето на пакетот ќе се смета за укинато веднаш по укинување на било кој од поединечните производи содржани во избраниот пакет.

2.5.3 Банката може еднострано да го укине користењето на пакет без отказен рок во следниве случаи:

- Доколку Корисникот не се придржува на договорните услови за секој поединечен производ кој се користи во рамки на Пакетот;
- Доколку Корисникот не ги плати доспеаните обврски по основ на провизија за пакетот 60 дена;
- Во случај да настанале или се заканува настанување на други околности за кои Банката може разумно да претпостави дека можат негативно да влијаат на способноста на Корисникот уредно да ги извршува своите обврски по производите содржани во пакетот.

2.5.4.Со укинување на користењето на пакетот од било која договорна страна по било кој основ, не се укинува користењето на поединечните производи содржани во пакетот и Банката ќе продолжи да ги обезбедува поединечните производи и услуги за кои ќе наплатува надоместоци и провизии применливи за секој поединечен производ во согласност со важечката Одлука за тарифа на надоместоци на Банката.

**2.6. Завршни одредби**

2.6.1.Општите правила и услови се објавени на официјалната web страна на Банката и се достапни во експозитурите на Банката.

2.6.2. Банката го задржува правото на измена и дополнување на Општите правила и услови и нивно објавување во согласност со важечките прописи, при што Корисникот е согласен Банката да ги применува измените. Ќе се смета дека корисникот ги прифатил предложените измени доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека ги одбива истите.

2.6.3. За се што не е уредено со овие Општи правила и услови ќе се применува Законот за платежни услуги и платни ситеми, Законот за девизно работење, други законски прописи, подзаконски акти и интерните актите на Давателот на платежни услуги.

2.6.4. За сите спорови надлежен е стварно надлежниот суд во Скопје.